РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1971/3
30-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37 - та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-1971/1 од 15.05.2026 година против службеното лице ---------, градоначалник на општина -----------, СЕ ЗАПИРА.
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека нема повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 09-1971/1 од 15.05.2026 година е оформен по сопствена иницијатива, врз основа на заклучок донесен на состанокот на Колегиумот на Државната комисија за спречување на корупцијата, одржан на 13.05.2026 година, по повод новинарско прашање доставено од медиумот „----------". Предмет на постапувањето е проверка на наводите дека приватна фирма, чиј сопственик е -----------, градоначалник на општина ------------, има активен договор со Владата на Република Северна Македонија за доделување финансиска поддршка.
Воедно, предмет на проверка беа и наводите дека неговиот син -------- и татко ---------, живеат на иста адреса со градоначалникот, исто така непосредно по изборот на -------- за градоначалник лицата основале нови компании кои не биле пријавени во анкетниот лист. Согласно наводите, сопственичката структура на друштвото „--------" ја сочинуваат ---------, неговиот син --------- и неговиот татко -------.
При извршена проверка во Централниот регистар на Република Северна Македонија за тековната состојба на правното лице ДПТУ „----------" експорт-импорт с. -----------, Општина ----------, ДКСК констатира дека сопственици на друштвото се ----------, -------- и ------------, додека управител е -----------.
Приоритетна дејност на правното лице е Производство на брановидна хартија и картон и амбалажа од хартија и картон.

Дополнително, при проверка на тековната состојба на правните субјекти Друштвото за трговија и услуги ---------- ДОО експорт – импорт с. ---------, ДКСК утврди дека сопственици се ------ и --------, додека управител е ---------, додека за правното лице Друштво за компјутерско пограмирање, услуги, трговија и производство ---------- ДООЕЛ експорт – импорт с. ---------, ------- сопствник и управител е ----------.

Државната комисија при проверка во електронската алатка на ДКСК за поднесување на Изјава за имотна состојба и интереси и пријавување промена во имотната состојба и интересите, констатира дека --------- е избран за градоначалник на Општина ------------ со Уверение за избор бр. 11-511 од 15.01.2026 година, издадено од Претседател на Општинската изборна комисија – ----------. Во Изјавата за имотна состојба и интереси, поднесена на 11.02.2026 година под број А.0801-641, во делот „Семејство" е пријавена неговата сопруга, а во делот „Трговски друштва" е пријавено правното лице ДПТУ „---------" експорт-импорт с. --------, Општина ----------, во својство на сопственик.

Понатаму, на ден 23.05.2026 година, преку контакт-формата на веб-страницата на Државната комисија, лицето ---------- има доставено Барање за мислење, заведено под број 09-2081/1 од 01.06.2026 година, во врска со постоење евентуален судир на интереси и усогласеноста со законската регулатива во однос на склучениот Анекс на договорот за доделување финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на РСМ и правното лице ДПТУ „--------" експорт-импорт с. --------, Општина ---------.

Кон барањето за мислење лицето доставило копија од Договор за доделување финансиска поддршка, склучен на 11.07.2023 година, како и Анекс на Договорот за доделување финансиска поддршка бр. 09-7481/1 од 25.07.2023 година, склучен на 12.09.2025 година и заведен под број 18-4930/1 од 03.10.2025 година.

Во барањето за мислење, ------- ја информира ДКСК дека со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 18-10678/1 од 25.11.2025 година бил именуван за повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалник на Општина ---------, а на повторените избори одржани на 11.01.2026 година бил избран за градоначалник на Општина ---------.

Од увидот во доставената документација Државната комисија утврди дека Договорот за доделување финансиска поддршка бил склучен на 11.07.2023 година, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-6039/3 од 11.07.2023 година, додека Анексот на Договорот бил склучен на 12.09.2025 година, согласно Одлуката на Владата бр. 50-8441/6 од 19.09.2025 година.

Од доставената документација видно е дека потписник на Договорот за доделување финансиска поддршка и на Анексот на Договорот, во име на правното лице, е ---------, во својство на управител на друштвото.

Согласно се претходно наведено, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај не е утврдена повреда на член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

интереси, односно финансиската поддршка е доделена врз основа на договорен однос воспоставен пред лицето --------- да се стекне со својство на избрано и именувано лице.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија оцени дека не постојат законски основи за утврдување повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar